Врз член 62 од Статутот на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје, а во согласност со член 457, член 459 и член 460 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје со ЕМБС 4091957 и ЕДБ 4030991135325 на ден 30.06.2015 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за одобрување зделка со заинтересирана страна

1. **СЕ ОДОБРУВА** склучување и реализација на зделка со заинтересирана страна што претставува договор/договори за заем на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје (Заемопримач) со Друштво за консалтинг и комуникации МИЛЕНИУМ ИНВЕСТМЕНТС ДОО Скопје (Заемодавец), во износи до 400.000,00 ЕУР во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ, што ја претставува вредноста на зделката.

2. **ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА** се Друштвото за консалтинг и комуникации **МИЛЕНИУМ ИНВЕСТМЕНТС ДОО Скопје** со седиште на ул.Никола Парапунов бр.41, Скопје, со ЕМБС 5362164 и ЕДБ 4030999374132, како акционер (42.77% од акциите) во Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје, бидејќи има интерес во извршување на зделката од причина што е заемодавец кај договорот/договорите за заем, а управителот на Друштвото за консалтинг и комуникации МИЛЕНИУМ ИНВЕСТМЕНТС ДОО Скопје, **Сашо Стрезоски** е претседател и неизвршен член на Одборот на директори на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје, кој е заемопримач кај договорот/договорите за заем.

3. **СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА** се Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје и Друштвото за консалтинг и комуникации **МИЛЕНИУМ ИНВЕСТМЕНТС ДОО Скопје** со седиште на ул.Никола Парапунов бр.41, Скопје, со ЕМБС 5362164 и ЕДБ 4030999374132.

4. **ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА** е одобрување и склучување на договор/договори за заем, според следните услови и рокови:

- Износ до 400.000,00 ЕУР во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ, камата со каматна стапка од 6% годишно и рок на враќање до 31.12.2017 година;
- Може да се договори и извршна клаузула заради наплата на горенаведеното побарување.
- Со намена за плаќање на доспеани обврски на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје кон РИК СИЛЕКС АД Кратово по основ на пресуди XIV ТС 769/07 од 4.7.2012 година, на Основниот суд Скопје II Скопје, ТСЖ.бр.-289/13 од 14.4.2013 година, на Апелациониот суд Скопје и Рев1.356/2013 од 17.10.2014 година, врз основа на кои се спроведува извршување над имот на друштвото – Хотел во Лагадин-Охрид од страна на извршител Биљана Мартиновска врз основа на налог за извршување И.бр.558/2013, на доверители кои спроведуваат извршување врз имот на друштвото, за плаќање на јавни давачки, за трошоци за барања за остварувања права и заштита на интересите на друштвото пред државни органи, за плаќање на неодложни обврски со цел да се намали штетата за друштвото, во интерес на сите акционери на друштвото, како и други обврски од нетековното работење.

5. Собранието на акционери на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје, потврдува и одобрува дека согласно Законот за трговските друштва горенаведената зделка на износи до 400.000,00 ЕУР во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ, изнесува 9.1721% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото (за 2013 година) и според одредбите од Законот за трговските друштва потпаѓа под правилата за одобрување на зделка со заинтересирана страна, при што не е потребно мислење од овластен ревизор.

6. Да се потпише целокупната потребна документација за реализација на зделката и овластува Главниот извршен директор Драгољуб Бундалески со ЕМБГ 1009956450056 да ја потпише целокупната потребна документација.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
ПРЕТСЕДАВАЧ
------------------------

Скопје,30 јуни 2015

Број 02-0201-188/2/7

___________________________